Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневни настани 24.09.2024

СВР Битола до Основните јавни обвинителства во Битола, Прилеп, Ресен и Кичево поднесе кривични пријави против осум лица поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „предизвикување на општа опасност" по член 288 од КЗ на Република Северна Македонија, сторени во периодот од 15.06.2024 до 23.09.2024. СВР Битола до ОЈО Битола поднесе кривична пријава против Г.А.(75) од Битола затоа што на 17.08.2024 запалил оган во просторот помеѓу дворот и градината до неговата куќа во с.Облаково, битолско, со намера да го изгори сметот, со што предизвикал пожар. СВР Битола поднесе кривична пријава и против Л.М.(53) од Битола затоа што на 10.08.2024, додека заваруваал со апарат за заварување и сечел со брусалка, не го обезбедил местото и од искра предизвикал пожар на сува трева на гробиштата во с.Кременица, битолско. ОВР Крушево, до ОЈО Прилеп поднесе кривична пријава против В.Ш.(56) од с.Пуста Река, крушевско, затоа што во дворот истурила пепелник со шпорет со жар, при што настанал пожар на сува трева, кој зафатил и плевна и борова шума над с.Пуста Река.

ОВР Македонски Брод до ОЈО Кичево поднесе кривична пријава против Т.Д.(57) од Прилеп затоа што на 05.08.2024 бил затекнат на место каде настанал пожар и кај него биле пронајдени предмети со кои го предизвикал пожарот. ОВР Прилеп до ОЈО Прилеп поднесе кривична пријава против Г.К.(54) од с.Штавица, прилепско, затоа што на 05.08.2024 запалил сува трева во сопјот имот, а огнот се проширил и зафатил сува трева во соседните парцели.

ОВР Ресен, до ОЈО Ресен поднесе кривична пријава против А.М.(43), М.П.(40) од Ресен и Ф.А.(52) од с.Арбинци, крушевско. На 16.08.2024 „А.М. „потпишал од второ и трето осомничениот, со шише бензин подметнал пожар кај домошната просторија кај место викано „Старски дом", каде што живеат повеќе семејства. На тој начин тој го сторил делото „предизвикување на општа опасност", казниво по член 288 во врска со член 23 од Кривичниот законик.

На 23.09.2024 во 11.50 часот, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога при СВР Велес го лишиле од слобода С.Б.(42) од Велес затоа што кај него биле пронајдени и одземени бела грутчеста материја и зелена растителна материја. С.Б. бил приведен во полициска станица, известен бил јавен обвинител и по документираше на настанот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.09.2024 во 17.20 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.Т.(37) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 23.09.2024.во 22.10 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода К.Г.(37) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени бела прашкаста материја и марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 23.09.2024 во 17.15 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.С.(22) од Кавадарци затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (24.09.2024) во 01.40 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле С.Н.(30) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени боксирач, електричен парализатор и нож. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок по член 80 од Законот за оружје.

На 23.09.2024 во 17.15 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле Д.М.(22) од Крива Паланка затоа што кај него биле пронајдени и одземени ножеви. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок по Закон за оружје.

На 23.09.2024 околу 11.00 часот о СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул. „Васил Главинов" со ул.„Максим Горки" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел корса" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.Н.(38) и велосипед управуван од И.Д.(40), двајцата од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот, констатиран во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" во Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Скопје.

На 23.09.2024 во 16.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„11 Октомври" во Скопје, мотоцикл „хонда" со скопски регистарски ознаки, управуван од С.Б.(30) од с.Гиновце, кривопаланечко, удрил во пешакот Ц.Р.(58) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, додека пешакот се здобил со телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" во Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Скопје.

На 23.09.2024 во 21.40 часот во СВР Тетово било пријавено дека на улица „НА" во Тетово се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф" со гостинската регистарски ознаки, управуван од А.Ц.(22) од с.Пирок, тетовско и мотоцикл со тетовски регистарски ознаки, управуван од малолетник од Тетово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетникот, констатиран во Клиничка болница во Тетово. Увид на местото на несреќата извршила екипа од СВР Тетово.

На 23.09.2024 околу 18.00 часот во СВР Штип било пријавено дека на велосипедска патека на ул.„Партизанска" во Штип се случила сообраќајна несреќа помеѓу велосипед управуван од Ѓ.Г.(51) од Штип и друг велосипед управуван од Н.Т.(68) од Струмица. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил Н.Т., додека со телесни повреди велосипедистот Ѓ.Г., констатирани во Клиничка болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Штип.

На 23.09.2024 во 10.50 часот во Полициската станица Аеродром, И.Б.(36) од Скопје пријавил дека на ул.„Бојмија" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 23.09.2024 во 10.20 часот во Полициската станица Гази Баба, И.С.С.(39) од Скопје пријавил дека во нас.Керамидница, покрај кејот на Вардар во Скопје, бил каснат од куче скитник.

На 23.09.2024 во 17.10 часот во Полициската станица Аеродром, Б.Т.(62) од Скопје пријавила дека на бул.„Асном" во Скопје била касната од куче скитник.

На 23.09.2024 во 19.15 часот полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода П.Ј.(56) од Куманово поради сомнение дека на своја нива во с.Никуљане, кумановско, запалил стрниште, по што пожарот се проширил и зафатил сува трева надвор од неговиот имот. Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат. Екипа од СВР Куманово извршила увид и по целосно документирање на случајот, против П.Ј. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.09.2024 во 21.00 часот во СВР Скопје, 25 – годишник од Скопје пријавил дека бил измамен од женско лице за сума од околу 11.000 денари. Според пријавеното, тој на интернет забележал оглас за работа во странска земја објавен од лицето, по што стапил во контакт и потоа во два наврати ги уплатил парите. Како што е пријавено, откако по трет пат му било побарано да уплати пари на социјална мрежа забележал коментари дека повеќе лица биле измамени од истата личност, по што сфатил дека и тој е измамен. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.09.2024, по претходно изготвен план за спречување на питачење, на улица „Илиденска" во Тетово, од страна на полициски службеници од СВР Тетово била затекната Б.К.(43) од Тетово додека питачела. Против нея ќе биде изготвен соодветен поднесок.

На 23.09.2024 во 11.00 часот во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Карпош извршиле службен разговор со малолетник, постапувајќи по претходна пријава дека во 10.15 часот за време на час во основно училиште на подрачјето на Карпош, физички нападнал негов соученик. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 23.09.2024 во 19.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Гази Баба, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Г.А.(55) и Б.А.(29) од една страна и И.Г.(43) од друга страна, сите од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (24.09.2024) во 05.35 часот во Полициската станица Винница било пријавено дека на ул.„Никола Карев" во Винница настанал пожар во патничко возило „сеат ибица" со винички регистарски ознаки, во движење, управувано од З.Ѓ.(60) од село Лаки, виничко. Екипа од Територијалната противпожарна единица Винница го изгаснала пожарот, а повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Винница.

На 23.09.2024 во 15.34 часот во СВР Скопје било пријавено дека во продавен објект на подрачјето на Карпош во Скопје, едно лице со употреба на сила од вработената одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.09.2024 во Полициската станица Кочани, М.В.(26) од Кочани пријавила дека на 16.09.2024 во Кочани, таа и нејзиниот сопруг биле физички нападнати од Б.С.. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 23.09.2024 во 23.27 часот во СВР Скопје, од Казнено - поправната установа Идризово било пријавено дека осуденикот М.А.(31) физички нападнал 40-годишен осуденик, по што извршил обљуба врз него. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Б.П.(30) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 19.09.2024 во аптека во населба Ново Лисиче во Скопје, пријавениот со закана со пиштол кон вработените одзел пари од дневниот промет. Набргу бил фатен, а парите биле пронајдени и вратени на сопственикот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против К.О.(30) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 21.09.2024, пријавениот со употреба на сила влегол во домот на неговата баба, физички ја нападнал и й одзел пари.

На 23.09.2024 во 13.18 часот во СВР Скопје било пријавено дека во семејниот дом на подрачјето на Чаир во Скопје, бил пронајден починат А.О.(26) од Скопје. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт, а по наредба на јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 23.09.2024 во 12.30 часот во СВР Куманово, М.И.(36) од Куманово пријавил дека на улица „Народна револуција" во Куманово бил каснат од куче скитник.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Т.С.(30) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". При преглед кај други две лица, полициски службеници пронашле и одзеле хероин и амфетамин, кои си набавиле од пријавениот. Додека, при претрес во неговиот дом во Штип, биле пронајдени и одземени хероин и марихуана.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против И.Т.(51) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 21.11.2023, при преглед над пријавениот бил пронајден и одземен хероин.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Н.Ч.(23) од Република Турција поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба наркотични дроги". На 16.04.2024 пријавениот набавил марихуана, која ја користел заедно со свој пријател, додека на 17.04.2024 во Штип, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Ј.В.С.(33) од Велика Британија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице во вршење службено дејствие". На 07.09.2024 во угостителски објект во Скопје, пријавениот попречувал полициски службеници при извршување службени дејствија.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против С.Р.(53) од с.Ани Коч поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „предизвикување општа опасност" и „предизвикување шумски пожар". На 30.07.2024 пријавениот подметнал пожар на место викано „Градска депонија" и на шумски предел во близина на локален пат над с.Ани Коч.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против Б.З.(21) од Берово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". Во периодот од 03.06. до 11.06.2024, пријавениот во повеќе наврати користел дебитна картичка на друго лице и вршел плаќања за свои потреби.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Р.И.(30) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување пари". На 01.04.2024, при купопродажба на возило во Кавадарци, пријавениот пуштил во оптек три фалсификувани банкноти во апсени од по 100 евра.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против О.Г.(37) и И.Г.(32), двајцата од Македонска Каменица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа". Второпријавениот купил товарно возило „рено кангу" и на него со првопријавениот поставил регистарски таблички од друго возило. На 21.07.2024, првопријавениот го управувал товарното возило на регионалниот пат с.Саса - Македонска Каменица, при што не застанал на даден знак на сообраќајна патрола и се дал во бегство.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@mol.gov.mk

Изработено од Унет